UNIVERSITETI I TETOVËS
УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО | UNIVERSITY OF TETOVA

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА
## НА
## ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ

**Тетово, 31.3.2021 г.**

Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

# СОДРЖИНА


1 ЦЕЛ НА ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА ........ 3

2. ОПИС НА ФАКУЛТЕТОТ ........ 4

2.1. Историјат ........ 4

2.2. Мисија ........ 5

2.3. Стратегии за развој ........ 5

3. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ........ 6

3.1. Органограм ........ 6

3.2. Студиски програми ........ 7

3.3. Оценување на наставниот процес на ниво на студиските програми ........ 7

4. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ ........ 10

5. СТРУКТУРА НА НАСТАВНО-НАУЧНИОТ КАДАР ........ 15

6. СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИ ........ 19

6.1. Структура на студенти на прв циклус на студии ........ 19

6.2. Структура на студенти на втор циклус на студии ........ 22

6.3. Структура на студенти на трет циклус на студии ........ 23

7. АНКЕТИРАЊЕ НА СТУДЕНТИ ........ 24

8. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ........ 27

9. ПРОСТОРИИ И МАТЕРИЈАЛНИ РЕСУРСИ ........ 29

10. SWOT-АНАЛИЗА ........ 30

11. ЗАКЛУЧОК ........ 32

# 1. ЦЕЛ НА ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Основната цел на процесот на самоевалуација е оценувањето на наставниот процес што се спроведува во рамките на Филозофскиот факултет за академските 2016/17, 2017/18 и 2018/19 години, за да се добие еден општ приказ за напредокот и развојот на наставниот процес во текот на горенаведените академски години, но и за целокупниот развој на Филозофскиот факултет. Заклучоците од овој извештај ќе служат како основа за надоградување и усовршување на нивото на квалитет на целокупниот наставно-научен процес.

Евалуацијата е спроведена од Внатрешната комисија за евалуација, формирана од Советот на Филозофскиот факултет, на состанокот одржан на 26.10.2020 година и врз основа на Одлуката за формирање на Членовите на Комисијата со бр. 16-803/1, донесена на 26.10.2020 г.

Во процесот на евалуација се вклучени следните компоненти:

- Проценка на студиските програми, при што се опфаќа нивното формирање, опис и развој;
- Структура на наставниот кадар;
- Структура на студентите од прв, втор и трет циклус на студии;
- Начинот на реализирање на наставниот процес;
- Анкетирање на студентите;
- Научната дејност и учеството во проекти на редовновработениот кадар;
- Просториите и средствата за реализирање на наставниот процес.

Во текот на реализирањето на процесот на евалуација, за изготвување на Извештајот, покрај членовите на оваа комисија, се консултирани и администрацијата и студентската служба, со цел добивање посоодветни и поверодостојни податоци.



Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

# 2. ОПИС НА ФАКУЛТЕТОТ

## 2.1. Историјат

Филозофскиот факултет е еден од шесте факултети основани во рамките на Универзитетот во Тетово. Во првата академска година, во рамките на Филозофскиот факултет функционираа две насоки: Историја и Педагогија, додека од академската 1997/98 година во рамките на студиската програма: Педагогија функционираат три насоки: Предучилишна, Одделенска и Професионална насока. Од академската 2001/02 година Филозофскиот факултет е проширен со четири нови студиски програми: Психологија, Етнологија, Филозофија и Социологија.

Со одобрување на Законот за основање на Државниот универзитет во Тетово, во 2004 година, во рамките на Универзитетот во Тетово беа основани пет факултети, вклучувајќи го и Факултетот за хумани науки и уметности. Имено, Филозофскиот факултет беше преименуван во Факултет за хумани науки и уметности во чии рамки функционираа седум студиски програми: Историја-Географија, Филозофија-Социологија, Педагогија-Психологија, Музичка уметност, Ликовна уметност, Албански јазик и литература и Англиски јазик и литература.

Во 2008 година, со одбрување на новиот Закон за Државниот универзитет, Филозофскиот факултет се реорганизира со пет студиски програми: Историја, Педагогија, Филозофија, Психологија и Социологија. Во академската 2017/2018 година од Филозофскиот факултет се оддели студиската програма: Педагогија, заедно со СЕР, од кои се основа Педагшкиот факултет.

Сите студиски програми во рамките на Филозофскиот факултет организираат четиригодишни студии (240 ЕКТС) и едногодишни постдипломски студии (60 ЕКТС). Покрај Студиската програма за психологија и филозофија, другите студиски програми организираат и докторски студии.



Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

## 2.2. Мисија

Универзитетот како високообразовната институција претставува највисоко достигнување на едно добро етаблирано општество, односно тој го сочинува главниот столб на една нација, на кој се заснова неговата иднина, во насока на создавање и култивирање на цивилизирани општствени вредности. Дејноста на Филозофскиот факултет преку своите студиски програми опфаќа одредени области од доменот на општествените и хуманистичките науки, што ја прави неговата мисија исклучително важна. Имено, основната мисија на Филозофскиот факултет е да создаде способен интелектуален кадар, со капацитет да ги негува човечките вредности во општеството. Но, во исто време, мисијата на Филозофскиот факултет е и развојот и унапредувањето на научно-истражувачката дејност, според европските стандарди во општествено-хумани области.

Целта на студиските програми во рамките на Филозофскиот факултет е да се приспособат на динамиката на реформите во образовниот систем во земјата и на современите тенденции во образованието.

Филозофскиот факултет има за цел студентите да постигнат:

- Конкуренција на европскиот академски пазар;
- Профилирање преку развој на компетенции;
- Меѓународно прифатени програми;
- Можност за академска мобилност.

## 2.3. Стратегии за развој

Филозофскиот факултет, во согласност со својата мисија и визија, има поставено голем број стратешки цели во насока на подобрување на квалитетот на наставата, преку иновативни пристапи во областа на високото образование, науката и технологијата. Стратегиите за развој го дефинираат и ориентираат развојот на оваа високообразовна научна институција, односно преку нив се одредуваат начините на постигнување, реализирање и имплементација на целите, воедно земајќи ги предвид потребите, барањата, можностите и спецификите на опкружувањето каде што оперира.



Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

Филозофскиот факултет, како составна компонента на Универзитетот, претставува сеопфатна, динамична и сложена средина која ги вклучува најважните научни, истражувачки и креативни потенцијали на едно општество и се стреми, преку развојната стратегија и поставените стратешки цели, приспособени на највисоките академски стандарди за развој, да влијае на реализацијата на процесите во сите сфери на општеството. Во рамките на неговата научна работа се вклучени и научни проекти, како и низа применети истражувања преку кои се овозможува развојот на научната мисла во земјата и пошироко.

# 3. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ

## 3.1. Органограм

Во долунаведениот органограм е прикажан начинот на организација и функционирање на Филозофскиот факултет, заснован на Законот за високото образование на РСМ.




Слика 1. Органограм на Филизофскиот факултет

## 3.2. Студиски програми

Во рамките на Философскиот факултет, во текот на академските 2016/17, 2017/18 и 2018/19 години, во времето кога се реализираше процесот на евалуација, функционираа следните студиски програми:

1. Студиска програма: Психологија;
2. Студиска програма: Историја;
3. Студиска програма: Социологија;
4. Студиска програма: Филозофија;
5. Студиска програма: Ориентална филологија.

## 3.3. Оценување на наставниот процес на ниво на студиските програми

Во академската 2018/2019 година, со цел имплементирање на предлозите од надворешните оценувачи, од страна на раководителите на студиските програми, релевантните комисии и Канцеларијата за управување и евалуација на квалитетот, беше извршена евалуација на тековните студиски програми на Филозофскиот факултет. Процесот на евалуација вклучуваше евалуација на секој предмет вклучен во програмата, за следните индикатори:

а. Предметот е во согласност со областа на студиската програма категоризирана врз основа на меѓународните квалификации на Фраскат;
б. Според наставната програма, компетенциите создадени од предметот се надвор од компетенциите дефинирани од општите дескриптори на програмата;
в. Врз основа на хронолошката поставеност на претходните предмети, предметот е поставен во соодветниот семестар;
г. Задолженијата со кои се ангажираат студентите (студентска активност, трудови, проекти и сл.) ја надминуваат пропишаната рамка за ангажирање со фондот на часови и кредити со кои е акредитиран предметот;


Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

д. Со оглед на најновите научни достигнувања во областа на одредена студиска програма, предметот има потреба за ажурирање;

е. Врз основа на наставната програма, предметот промовира развој на вештини кои се применливи на пазарот на трудот;

ж. Врз основа на областа на одредена студиска програма, тековниот статус на предметот (задолжителен, изборен, опциоен) треба да се промени.

Во рамките на Студиската програма: Психологија, 29 задолжителни предмети (околу 83%) се целосно во согласност со областа на Студиската програма, според меѓународната квалификација на Фраскат, додека 6 предмети не припаѓаат во категоризацијата на Студиската програма: Психологија. Од вкупно 40 изборни предмети, според оценувањата на претставниците на Студиската програма, 10 не се категоризирани во соодветната област според Фраскат.

Предвидените компетенции според општите дескриптори на Студиската програма студентите ги добиваат преку предметите, односно преку дефиницијата на целта на предметот во наставната програма.

Три задолжителни предмети воопшто немаат дефинирано цели, додека 51% од наставните програми (задолжителни предмети) делумно соддржат дефинирани цели кои се во согласност со дескрипторите на Студиската програма: Психологија. Кај изборните предмети, целите на 15 од нив се целосно надвор од компетенциите предвидени од општите дескриптори според хронолошкиот тек.

Активностите со кои се задолжуваат студентите, со цел да ги развијат соодветните компетенции, кај 30% од предметите на Студиската програма: Психологија не се во согласност со бројот на кредити и со распределбата на часови според бројот на кредитите на соодветниот предмет.

Во рамките на Студиската програма: Историја, 9 изборни предмети (околу 27%) воопшто не се во согласност со областа на Студиската програма, според меѓународната квалификација на Фраскат, додека 12 изборни предмети (околу 33%) делумно припаѓаат во категоризацијата на Студиската програма: Историја. Од вкупно 33 задолжителни предмети, 4 од нив не се категоризирани во соодветната област според


Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

Фраскат. Според анализата на предметите на Студиската програма: Историја од страна на Комисијата на Факултетот, сите предмети при дефинирање на целите ги развиваат предвидените компетенции според општите и специфичните дескриптори на оваа студиска програма, како и повеќето од планираните активности се целосно во согласност со бројот на кредити во рамките на соодветниот предмет.

Анализата на Студиска програма: Социологија покажува дека 31% (или 11 предмети) од изборните предмети делумно припаѓаат на областа на Студиската програма: Социологија, според националните квалификации на Фраскат, додека другите четири воопшто не се дел од гореспоменатото научно поле. Шест од задолжителните предмети се делумно, а четири предмети воопшто не припаѓаат на полето на социологијата, според истата класификација. Компетенциите создадени од наставната програма се релативно конзистентни со дескрипторите на Студиската програма: Социологија. Поточно, пет предмети или 15% од задолжителните предмети имаат делумно или немаат дефинирани цели во согласност со дескрипторите на Програмата.

Компатибилноста помеѓу целите на предметот и дескрипторите е делумна (13 предмети), потполна (4 предмети) од околу 24% од изборните предмети. Планираните активности со кои се ангажираат студентите со цел да се стекнат со соодветните компетенции, во 39% од предметите не се во согласност со бројот на кредити и распределбата на часови според бројот на кредити на соодветниот предмет. Имено, од 72 задолжителни и изборни предмети од кои е структурирана Студиската програма: Социологија, 15 од изборните предмети и 13 од задолжителните предмети ги немаат соодветно распределено часовите по активности коишто студентите треба да ги завршат во согласност со бројот на кредити на предметот.

Структурата на Студиската програма: Филозофија е во голема мера во согласност со научната област на Филозофијата, според класификацијата на Фраскат. Меѓутоа, кога поединечно се анализираат задолжителните и изборните предмети, се посочува дека речиси половина од изборните предмети делумно или воопшто не припаѓаат на категоризацијата на Филозофијата според Фраскат. Во овој поглед, неопходно е да се разгледаат изборните предмети. Околу 89% од задолжителните предмети развиваат компетенции што одговараат на дескрипторите на Студиската


Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

програма. Околу половина од изборните предмети имаат делумно или воопшто немаат дефинирано компетенции (или воопшто не се компатибилни со дескрипторите). Околу 30% од предметите немаат распределба на активности што ги реализираат студентите во согласност со бројот на кредити и распределбата на часови според бројот на кредити на соодветниот предмет.

# 4. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

На пет студиски програми на Филозофскиот факултет студиите траат 4 години (осум семестри) и се акумулираат вкупно 240 (ЕКТС) кредити.

## *Студиска програма: Психологија*

Студиската програма по психологија е една од првите насоки на Универзитетот во Тетово што започна да функционира во учебната 2001/2002 година, во рамките на Филозофскиот факултет. Студиската програма по психологија е акредитирана во две насоки: образовна и професионална. Студентот што дипломира се здобива со звањето: *дипломиран психолог*.

## *Студиска програма: Историја*

Студиската програма по историја е формирана во учебната 1994/1995 година, во рамките на Филозофскиот факултет. Студиската програма по историја е акредитирана во две насоки: Образовна и Професионална. Студентот што дипломира во областа на образованието го добива звањето: *дипломиран професор по историја*, додека тој што дипломира во професионалната област го добива звањето: *дипломиран историчар*. Студиите се спроведуваат само во областа на образованието.

## *Студиска програма: Социологија*

Студиската програма по социологија е формирана во 2001/2002 година во рамките на Филозофскиот факултет. Студентите што дипломираат на оваа студиска програма го добиваат звањето: *дипломиран професор по социологија*.


Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

## *Студиска програма: Филозофија*

Студиската програма: Филозофија започна да функционира во учебната 2001/2002 година, во рамките на Филозофскиот факултет. Одделот за филозофија ја има акредитирано образовната насока. Дипломираниот студент го добива звањето: *дипломиран професор по филозофија.*

## *Студиска програма: Ориентална филологија*

Студиската програма: Ориентална филологија започна да функционира во учебната 2008/2009 година, во рамките на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Тетово. Студиската програма по ориентална филологија има акредитирано две насоки: Арапски јазик и литература и Турски јазик и литература. Дипломираниот студент го добива звањето: *дипломиран професор по арапски / турски јазик и литература.*

## *Податоци за последната акредитација на студиските прорами-студии од прв циклус*

- Одлука за акредитација на студиските програми од прв циклус на студии на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Тетово, бр. 12-256/1-1, од 16.4.2013 година.

***Историја***
- *Образовна насока*
- *Професионална насока*

***Психологија***
- *Професионална насока*

***Филозофија***
- *Образовна насока*

***Социологија***
- *Образовна насока*



Fakulteti Filozofik-Философски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

***Ориентална филологија***

- *Арапски јазик и литература*
- *Турски јазик и литература*

Табела 1. Студиски програми од прв циклус на студии и квалификации

| ПРОГРАМИ | НАСОКА | S | ЕЦТС | КВАЛИФИКАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| ИСТОРИЈА | Образовна | 8 | 240 | Дипломиран професор по историја |
| | Професионална | 8 | 240 | Дипломиран историчар |
| ПСИХОЛОГИЈА | Професионална | 8 | 240 | Дипломиран психолог |
| СОЦИОЛОГИЈА | Образовна | 8 | 240 | Дипломиран професор по социологија |
| ФИЛОЗОФИЈА | Образовна | 8 | 240 | Дипломиран професор по филозофија |
| ОРИЕНТАЛНА ФИЛОЛОГИЈА | Арапски јазик и литература | 8 | 240 | Дипломиран професор по Арапски јазик и литература |
| | Турски јазик и литература | 8 | 240 | Дипломиран професор по туркси јазик и литература |

## *Податоци за последната акредитација на студиските програми-студии од втор циклус (мастер)*

- Одлука за акредитација на Студиската програма од втор циклус, едногодишни студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Тетово, Ориентална филологија - насока:Турски јазик и литература, со бр. 12-197/2, Ориентална филологија - насока: Арапски јазик и литература, со бр. 12-197/3, двете одлуки се од 24.3.2014 година.
- Одлука за акредитација на Студиската програма од втор циклус, едногодишни студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Тетово, Историја - насока: Историја на современото време со бр. 12-117/7,

Историја - насока Историја на новото време, со бр. 12-117/8, Историја-насока: Историја на средновековното време, со бр. 12-117/9, сите од 15.12.2014 година.

- Одлука за акредитација на Студиската програма од втор циклус, едногодишни студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Тетово, Социологија - насока: Културолошки студии, со бр. 12-117/6, Социологија - насока: Општеството и глобалните промени, со бр. 12-117/21, и двете од 15.12.2014 година.
- Одлука за акредитација на Студиската програма: Филозофија - насока: Современа филозофија од втор циклус, едногодишни студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Тетово, бр. 12-117/113 од 15.12.2014 година.
- Одлука за акредитација на Студиската програма од втор циклус, едногодишни студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Тетово, Психологија - насока: Педагошка психологија, со бр. 12-163/7, Психологија - насока: Организативна психологија, со бр. 12-163/8, Психологија - насока: Клиничка психологија, со бр. 12-163/9, сите од 18.5.2018 година.

Табела 2. Студиски програми од втор циклус на студии и квалификации

| **ПРОГРАМИ** | **НАСОКА** | **S** | **ЕЦТС** | **КВАЛИФИКАЦИЈА** |
|---|---|---|---|---|
| ИСТОРИЈА<br>ПСИХОЛОГИЈА | Средновековна историја | 2 | 60 | Магистер по историски науки-насока:средновековната историја |
| | Нова историја | 2 | 60 | Магистер по историски науки-насока: новата историја |
| | Современа историја | 2 | 60 | Магистер по историски науки - насока: современата историја |
| СОЦИОЛОГИЈА<br>ФИЛОЗОФИЈА<br>ОРИЕНТАЛНА<br>ФИЛОЛОГИЈА | Педагошка | 2 | 60 | Магистер по психологија – Педагошка психологија |
| | Организативна | 2 | 60 | Магистер по психологија – Организативна психологија |
| | Клиничка | 2 | 60 | Магистер по психологија – Клиничка психологија |
| | Општеството и глобалните промени | 2 | 60 | Магистер по социолошки науки-насока: општеството и глобалните промени |


Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ИСТОРИЈА | Културолошки студии | 2 | 60 | Магистер по социолошки науки - насока: културолошки студии |
| ФИЛОЗОФИЈА | Современа филозофија | 2 | 60 | Магистер по филозофски науки од областа на современата филозофија |
| | Современа филозофија на англиски јазик | 2 | 60 | Магистер по филозофски науки од областа на современата филозофија |
| СОЦИОЛОГИЈА | Турски јазик и литература | 2 | 60 | Магистер по Ориентална филологија-Турски јазик и литература |
| | Арапски јазик и литература | 2 | 60 | Магистер по Ориентална филологија-Арапски јазик и литература |

## ***Податоци за последната акредитација на студиските програми-студии од трет циклус (докторатура).***

- Одлука за акредитација на Студиската програма од трет циклус, тригодишни студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Тетово, Историја-насока: Историја на албанскиот народ - ново време, со бр. 12-253/2, Историја - насока: Историја на албанскиот народ - современо време, со бр. 12-253/3, и двете одлуки се од 8.4.2015 година.
- Одлука за акредитација на Студиската програма од трет циклус, тригодишни студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Тетово, Наука за јазикот - насока: Ориентална филологија, со бр. 1409-208/2 од 29.11.2017 година.
- Одлука за акредитација на Студиската програма од трет циклус, тригодишни студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Тетово, Социологија - насока: Социо-политичка насока, со бр. 1409-205/5, Социологија - насока: Социо-културошка насока, со бр. 1409-205/6, од 19.6.2018 година.

Табела 3. Студиски програми од трет циклус на студии

| **ПРОГРАМИ** | **НАСОКИ** | **S** | **ЕЦТС** |
|---|---|---|---|
| ИСТОРИЈА | Историја на албанскиот народ-ново време | 6 | 180 |
| | Историја на албанскиот народ-современо време | 6 | 180 |


Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| ОРИЕНТАЛНА ФИЛОЛОГИЈА | Наука за јазикот | 6 | 180 |
| СОЦИОЛОГИЈА | Социо-политичка | 6 | 180 |
| | Социо-културолошка | 6 | 180 |

# 5. СТРУКТУРА НА НАСТАВНО-НАУЧНИОТ КАДАР

Во академската 2016/17 година наставниот процес се спроведува од страна на 25 професори во редовен работен однос, и тоа: 8 редовни професори, 11 вонредни и 6 доценти. Родовата структура на професорите е 20 мажи и 5 жени. Со цел успешно реализирање на наставниот процес, оваа академска година Филозофскиот факултет ангажира и дополнителен кадар со договор на дело, од вкупно 16 наставници, од кои 4 редовни професори, 9 доценти и 3 предавачи (д-р спец.). Родовата структура на ангажираните наставници е составена од 14 мажи и 2 жени.

Во академската 2016/2017 година на Филозофскиот факултет беа ангажирани вкупно 10 соработници во редовен работен однос, сите од женски пол, додека со договор на дело биле ангажирани 16 соработници, од кои 7 од машки и 9 од женски пол.

Табела 4. Структура на наставници според научни и академски звања и родова структура за академската 2016/2017година

| **НАСТАВНИЦИ** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Редовни** | **Мажи** | **Жени** | **Вкупно** | **Со договор** | **Мажи** | **Жени** | **Вкупно** |
| **Редовен** | 7 | 1 | 8 | **Редовен** | 4 | / | **4** |
| **Вонреден** | 9 | 2 | 11 | **Вонреден** | / | / | **/** |
| **Доцент** | 4 | 2 | 6 | **Доцент** | 9 | / | **9** |
| | | | | **Предавач (д-р спец.)** | 1 | 2 | **3** |
| **Вкупно** | **20** | **5** | **25** | **Вкупно** | **14** | **2** | **16** |



Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

Табела 5. Структура на соработници според научни и академски звања и родова структура за академската 2016/2017 година

| **СОРАБОТНИЦИ** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Редовни** | **Мажи** | **Жени** | **Вкупно** | **Со договор** | **Мажи** | **Жени** | **Вкупно** |
| **Асистент** | / | 9 | 9 | **Асистент** | 6 | 6 | **12** |
| **Помлад асистент** | / | 1 | 1 | **Помлад асистент** | / | / | / |
| | | | | **Демостратори** | 1 | 3 | **4** |
| **Вкупно** | | **10** | **10** | | **7** | **9** | **16** |

Во академската 2017/18 година на Филозофскиот факултет наставниот процес се спроведува од 27 професори во редовен работен однос, и тоа: 9 редовни професори, 12 вонредни и 6 доценти. Родовата структура на професорите е 21 мажи и 6 жени.
Со цел успешно реализирање на наставниот процес, во оваа академска година Филозофскиот факултет ангажира и дополнителен кадар, со договор на дело, од вкупно 14 наставници од кои 3 редовни професори, 1 вонреден, 7 доценти и 3 предавачи (д-р спец.). Родовата структура на ангажираните наставници е составена од вкупно 13 мажи и 1 жена.

Во академската 2017/2018 година на Филозофскиот факултет беа ангажирани 5 соработници, сите од женскиот пол, додека со договор на дело беа ангажирани 19 соработници, од кои 9 мажи и 10 жени.

Во академската 2017/2018 година, во споредба со претходната академска година, се бележи пораст на бројот на наставници, и то 1 вонреден професор и 1 доцент, како резултат на процесот на избор-реизбор на наставниот кадар. Исто така, се бележи пораст на бројот на асистенти, од 1 на 4. Се забележува и пораст на бројот на вработени од женскиот пол, и тоа од 5 на 6 кај наставниците и од 1 на 4 кај асистентите. Кај кадарот со договор на дело не се забележуваат значителни промени, односно има помалку ангажирани наставници и пораст на бројот на асистенти и на демостратори.



Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

Табела 6. Структура на наставници според научни и академски звања и родовата структура за академската 2017/2018 година

| НАСТАВНИЦИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Редовни** | **Мажи** | **Жени** | **Вкупно** | **Со договор** | **Мажи** | **Жени** | **Вкупно** |
| **Редовен** | 8 | 1 | 9 | **Редовен** | 3 | / | **3** |
| **Вонреден** | 10 | 2 | 12 | **Вонреден** | 1 | / | **1** |
| **Доцент** | 3 | 3 | 6 | **Доцент** | 7 | / | **7** |
| | | | | **Предавач (д-р спец.)** | 2 | 1 | **2** |
| **Вкупно** | **21** | **6** | **27** | **Вкупно** | **13** | **1** | **14** |

Табела 7. Структура на соработници според научни и академски звања и родова структура за академската 2017/2018 година

| СОРАБОТНИЦИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Редовни** | **Мажи** | **Жени** | **Вкупно** | **Со договор** | **Мажи** | **Жени** | **Вкупно** |
| **Асистент** | / | 4 | 4 | **Асистент** | 7 | 7 | **14** |
| **Помлад асистент** | / | 1 | 1 | **Помлад асистент** | / | / | / |
| | / | / | / | **Демостратори** | 2 | 3 | **5** |
| **Вкупно** | **/** | **5** | **5** | **Вкупно** | **9** | **10** | **19** |

Во академската 2018/19 година наставниот процес на Филозофскиот факултет се спроведува од страна на  28 професори во редовен работен однос, и тоа: 10 редовни професори, 10 вонредни и 8 доценти. Родовата структура на професорите е 21 маж и 7 жени.

Со цел успешно реализирање на наставниот процес, во оваа академска година Филозофскиот факултет ангажира и дополнителен кадар, со договор на дело, од вкупно 11 наставници, од кои 4 редовни професори и 1 вонреден, 3 доценти и 3 предавачи (д-р спец.). Родовата структура на ангажираните наставници е составена од вкупно 9 мажи и 2 жени. Во академската 2018/2019 година на Филозофскиот факултет



Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

беа ангажирани 5 соработници, од кои 2 мажи и 3 жени, додека со договор на дело беа ангажирани 25 соработници, од кои 12 мажи и 13 жени.

Во академската 2018/2019 година, во споредба со претходната академска година, се бележи пораст на бројот на наставници како резултат на ангажирањето на 2 наставнци и на 2 асистенти на Студиската програма: Ориентална филологија, односно унапредувањето на тројца наставници според наставно-научните звања и преминувањето на двајца наставници во редовен работен однос.

Кај кадарот со договор на дело не се забележани значителни промени, односно има помалку ангажирани наставници и пораст на бројот на асистенти и демостратори.

Табела 8. Структура на наставници според научни и академски звања и родовата структура за академската 2018/2019 година

| **НАСТАВНИЦИ** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Редовни** | **Мажи** | **Жени** | **Вкупно** | **Со договор** | **Мажи** | **Жени** | **Вкупно** |
| **Редовен** | 8 | 2 | 10 | **Редовен** | 4 | / | **4** |
| **Вонреден** | 9 | 1 | 10 | **Вонреден** | 1 | / | **1** |
| **Доцент** | 4 | 4 | 8 | **Доцент** | 3 | / | **3** |
| | | | | **Предавач (д-р спец.)** | 1 | 2 | **3** |
| **Вкупно** | **21** | **7** | **28** | **Вкупно** | **9** | **2** | **11** |

Табела 9. Структура на соработници според научни и академски звања и родовата структура за академската 2018/2019 година

| **СОРАБОТНИЦИ** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Редовни** | **Мажи** | **Жени** | **Вкупно** | **Со договор** | **Мажи** | **Жени** | **Вкупно** |
| **Асистент** | 2 | 2 | 4 | **Асистент** | 9 | 8 | **17** |
| **Помлад асистент** | / | 1 | 1 | **Помлад асистент** | / | / | / |
| | | | | **Демостратори** | 3 | 5 | **8** |



Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **2** | **3** | **5** | **Вкупно** | **12** | **13** | **25** |

# 6. СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИ

## 6.1. Структура на студенти на прв циклус на студии

Во академската 2016/2017 година вкупниот број на студенти на додипломските студии на Филозофскиот факултет е 688 студенти, и тоа: 332 на Психологија, 129 на Историја, 126 на Социологија, 80 на Ориентална филологија и 21 на Филозофија.

Во академската 2017/2018 година вкупниот број на студенти на додипломските студии на Филозофскиот факултет е 632 студенти, и тоа: 283 на Психологија, 136 на Социологија, 93 на Историја, 81 на Ориентална филологија и 39 на Филозофија.

Во академската 2018/2019 година вкупниот број на студенти на додипломските студии на Филозофскиот факултет е 527, и тоа: 248 на Психологија, 105 на Социологија, 77 на Ориентална филологија, 69 на Историја и 28 на Филозофија.

Намалувањето на вкупниот број на студенти е резултат на малиот број на запишани нови студенти. Студиската програма по историја бележи најголемо намалување, односно вкупниот број на студенти е намален околу 50% (од 129 во 2016/2017 година на 69 во 2018/2019).

Табела 10. Број на студенти според студиски програми во академските 2016/17; 2017/18 и 2018/19 година

| СТУДИСКА ПРОГРАМА | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 |
|---|---|---|---|
| **Психологија** | 332 | 283 | 248 |
| **Социологија** | 126 | 136 | 105 |
| **Историја** | 129 | 93 | 69 |
| **Ориентална филологија** | 80 | 81 | 77 |
| **Филозофија** | 21 | 39 | 28 |



Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **688** | **632** | **527** |

Во академската 2016/2017 година на студиите од прв циклус на Филозофскиот факутлет за првпат се запишани 130 студенти, и тоа: 56 на Психологија, 31 на Историја, 25 на Социологија, 12 на Ориентална филологија и 6 на Филозофија.

Во академската 2017/2018 година на студиите од прв циклус на Филозофскиот факутлет за првпат се запишани 130 студенти, и тоа: 52 на Психологија, 32 на Социологија, 26 на Ориентална филологија, 14 на Историја и 6 на Филозофија.

Во академската 2018/2019 година на студиите од прв циклус на Филозофскиот факултет за првпат се запишани 74 студенти, и тоа: 31 на Психологија, 17 на Ориентална филологија, 13 на Социологија, 12 на Историја и само 1 на Филозофија.

Студиската програма по историја бележи намалување на општиот број на студенти за две последователни години (2017/2018 година и 2018/2019 година), Психологија, Социологија и Ориентална филологија бележат чувствително намалување на студентите во академската 2018/2019 година, додека Филозофија во академската 2018/2019 година е приморана на паузирање.

Намалувањето на бројот на студенти во академската 2018/2019 година е загрижувачка. Причините се многубројни и поголем број од тие причини се од надворешни фактори, како: миграцијата на младите, ограничените можности на пазарот на трудот, недостатокот на политичка стабилност, економската криза и сл.

Табела 11. Структура на студенти по студиски програми за академските 2016/17; 2017/18 и 2018/19 година, запишани првпат

| СТУДИСКА ПРОГРАМА | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 |
|---|---|---|---|
| **Психологија** | 56 | 52 | 31 |
| **Социологија** | 25 | 32 | 13 |
| **Историја** | 31 | 14 | 12 |
| **Ориентална филологија** | 12 | 26 | 17 |


Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Филозофија** | 6 | 6 | 1 |
| **Вкупно** | **130** | **130** | **74** |

Во академската 2016/2017 година, во првиот циклус на студии биле префрлени 68 студенти, од кои повеќето (околу 80%) на Психологија (табела 56 од 68), 5 на Социологија, 4 на Историја, 2 на Ориентална филологија и 1 на Филозофија. Од 68 префрлени студенти, 40 направиле внатрешен трансфер, а 28 надворешен.

Во академската 2017/2018 година, во првиот циклус на студии биле прфлрени 30 студенти, од кои половина на Психологија, 5 на Социологија, 4 на Историја, 3 на Ориентална филологија и 1 на Филозофија. Од 51 префрлени студенти, 26 направиле внатрешен трансфер, а 25 надворешен.

Во академската 2018/2019 година, во првиот циклус на студии биле префлрени 22 студенти, од кои повеќето на Психологија (12 од 22), 5 на Социологија, 4 на Историја и 1 на Ориентална филологија. Од 22 префрлени студенти, 12 направиле внатрешен трансфер, а 25 надворешен.

Како заклучок, може да се наведе дека бројот на вкупните трансфери бил 141, од кои 78 внатрешни и 63 надворешни. По студиски програми, поголем број се префрлени на Психологија, вкупно 91 студент (50 внатрешни и 41 надворешни), 29 на Социологија (18 внатрешни и 11 надворешни), 9 на Историја (7 внатрешни и 2 надворешни), 6 на Ориентална филологија (сите надворешни), 6 на Филозофија (3 внатрешни и 3 надворешни).

Табела 12. Структура на студенти по студиски програми за академските 2016/17; 2017/18 и 2018/19 година (трансфер)

| СТУДИСКА ПРОГРАМА | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 |
|---|---|---|---|
| **Психологија** | 56 (23) | 23 (13) | 12 (5) |
| **Социологија** | 5 (2) | 19 (6) | 5 (3) |
| **Историја** | 4 (1) | 1 | 4 (1) |
| **Ориентална филологија** | 2 (2) | 3 (3) | 1 (1) |


Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Филозофија** | 5 (3) | 3 | / |
| **Вкупно** | **46** | **30** | **22** |

**Забелешка**: Бројот во загради се студенти трансферирани од надвор

## 6.2. Структура на студенти на втор циклус на студии

Во учебната 2016/2017 година на студиите од втор циклус (магистерски студии), беа запишани вкупно 25 студенти, односно: 12 на Психологија, 8 на Ориентална филологија, 2 на Историја и Филозофија и 1 на Социологија. Родовата структура на запишаните студенти е 7 мажи и 18 жени. На Студиската програма: Психологија од 12 запишани студенти, 10 се жени, од кои 7 се странски државјанки од Република Косово. Поголемиот дел од запишаните студенти се и од Студиската програма по ориентална филологија, 5 од вкупно 8 студенти.

Во учебната 2017/2018 година на студиите од втор циклус (магистерски студии), беа запишани вкупно 32 студенти, односно: 18 на Психологија, 7 на Ориентална филологија, 3 на Историја, 3 на Социологија и 1 на Филозофија. Родовата структура на запишаните студенти е 10 мажи и 22 жени. На Студиската програма: Психологија, од 18 запишани студенти, 16 се жени, од кои 10 се странски државјанки од Република Косово.

Во учебната 2018/2019 година, на студиите од втор циклус (магистерски студии), беа запишани вкупно 36 студенти, односно: 16 на Психологија, 9 на Ориентална филологија, 6 на Социологија, 4 на Историја и 1 на Филозофија. Родовата структура на запишаните студенти е 13 мажи и 23 жени. На Студиската програма: Психологија, од 12 запишани студенти, 13 се жени, од кои 7 се странски државјанки од Република Косово. Повеќето од запишаните студенти се жени, односно на Студиската програма по социологија, 5 од вкупно 6 студенти се жени.

Како заклучок, може да се наведе дека во текот на трите академски години анализирани погоре, на Филозофскиот факултет, на студиите од втор циклус (магистерски студии) се запишани вкупно 93 студенти, од кои половина на Студиската програма: Психологија (46 од 93 студенти), 22 на Ориентална филологија, 10 на


Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

Социологија, 9 на Историја и 4 на Филозофија. Според половата структура 2/3 од запишаните студенти се жени, или 63 од вкупно 93 студенти, од кои повеќето во Студиската програма: Психологија, 39 од 63 студенти.

За разлика од додипломските студии, на студиите од втор циклус (магистерски студии), има пораст на бројот на студенти запишани на Филозофскиот факултет, како резултат на неговата богата академска понуда (5 студиски програми и 11 насоки), на посветеноста на лидерството и наставниците, како и интересот на студентите кои се странски државјани, првенствено од Република Косово.

Табела 13. Структура на студенти по студиски програми за академските 2016/17; 2017/18 и 2018/19 години регистрирани за првпат

| **СТУДИСКА ПРОГРАМА** | **2016/17** | **2017/18** | **2018/19** |
|---|---|---|---|
| **Психологија** | 12 | 18 | 16 |
| **Социологија** | 1 | 3 | 6 |
| **Историја** | 2 | 3 | 4 |
| **Ориентална филологија** | 8 | 7 | 9 |
| **Филозофија** | 2 | 1 | 1 |
| **Вкупно** | **25** | **32** | **36** |

## 6.3. Структура на студенти на трет циклус на студии

Од академската 2016/2017 година, Филозофскиот факултет на Универзитетот во Тетово спроведува студии од трет циклус, односно тригодишни докторски студии. Најпрвин, студентите беа запишани на Студиската програма: Историја, во две насоки: Историја на албанскиот народ - новото време и Историја на албанскиот народ - современото време. На двете насоки се запишани 6 студенти и се акредитирани 4 ментори.

Во академската 2018/2019 година во рамките на студиите од трет циклус (докторски студии) почнаа да се развиваат и две студиски програми: Социологија и Ориентална филологија. На Студиската програма: Социологија, во Социо-политичката и Социо-културната насока, вкупно се запишани 4 студенти и се акредитирани 2


Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

ментори. На Студиската програма: Ориентална филологија, на насоката Наука за јазик, запишани се вкупно 6 студенти и акредитирани се 2 ментори.

Според родовата структура, од 16 запишани студенти, 12 се мажи, а 4 се жени. Повеќето од запишаните студенти (11 од 16) се странски државјани, главно, од Република Косово.

Табела 14. Структура на студенти по студиски програми на докторски студии

| СТУДИСКА ПРОГРАМА | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 |
|---|---|---|---|
| **Социологија** | / | / | 4 |
| **Историја** | 6 | / | / |
| **Ориентална филологија** | / | / | 6 |
| **Вкупно** | **6** | **/** | **10** |

# 7. АНКЕТИРАЊЕ НА СТУДЕНТИ

Евалуацијата на часот се реализира преку евалуација на неколку компоненти, и тоа: евалуација на точноста на наставниот процес (почнувањето и завршувањето на часот), евалуација на реализација на предавањата, евалуација на содржината на предавања, како и менаџирањето на часот, вклучувајќи ја и невербалната интеракција на наставникот.

Евалуацијата на наставните часови во текот на 2016 година, има вклучено 380 студенти. Околу 88% од студентите на Филозофскиот факултет проценуваат дека предавањата почнуваат точно според службениот распоред и околу 78% проценуваат дека наставните часови завршуваат во предвиденото време. Најголемиот процент на студенти кои изјавуваат дека предавањата почнуваат и завршуваат според предвидениот распоред се од студиската програма Историја (94%), додека на студиската програма Социологија тој број изнесува 68%.

Околу 62% од студентите на Филозофскиот факултет изјавуваат дека во текот на предавањата не правеле пауза, додека околу 31% имале пауза од 10 до 15 минути.

Согледувано по студиски програми, на Студиската програма: Историја околу 54% од студентите изјавуваат дека во текот на предавањата правеле пауза од 10 до 15 минути.

За изведување на часовите во текот на предавањата на Филозофскиот факултет се користат разни уреди за презентација. 23% од студентите изјавуваат дека во текот на предавањето наставниците користеле презентации во Power Point, околу 31% изјавуваат дека се користи текст на табла, а околу 17 % изјавуваат дека во текот на предавањата не се користи ниеден уред за презентација. Поголемиот процент од студентите (32%) кои изјавуваат дека наставниците користат power-point презентации, се студентите од студиската програма по психологија.

## *Реализирање на предавањата*

Предавањата се вреднувани преку седум индикатори. Во рамките на Филозофскиот факултет во однос на реализирање на часот од страна на студентите се дадени позитивни оценки по сите прашања. Највисока проценка студентите давале за сигурноста, убедливоста и концизноста (M=4,66; M=4,50; M=4,50). Трите карактеристики се проценети како доминантно позитивни на сите студиски програми на Филозофскиот факултет. Студентите од Студиската програма по историја за појавата „наставникот целосно го читаше материјалот за презентација, не додавајќи ништо“ дале негативна оценка (M=3,25).

Оценувањето на индикаторите за вреднување на предавањата од страна на студентите, по студиски програми, е дадена во табела бр. 15.

Табела 15. Просек на индикатори за реализирање на предавањата

| | **Темата во согласност со предавањата** | **Јасни предавања** | **Сигурност на предавачот** | **Убедливост на предавачот** |
|---|---|---|---|---|
| | **Просек (N)** | **Просек (N)** | **Просек (N)** | **Просек (N)** |
| **Историја** | 4,31 (87) | 4,47(87) | 4,66 (87) | 4,54 (87) |
| **Социологија** | 4,71 (63) | 4,35 (63) | 4,57 (63) | 4,33 (63) |
| **Психологија** | 4,64 (230) | 4,55 (230) | 4,68 (230) | 4,52 (230) |



Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

***Содржината на предавањето/презентацијата*** беше оценета преку 14 тврдења, во кои беа одговорени пет можни опции, од воопшто не се согласувам (1) до потполно се согласувам (5). Студентите изјавиле дека материјалот презентиран во текот на предавањето е во согласност со темата презентирана на почетокот на часот (M=4,57), наставниците прашале за можни нејаснотии (M=4,57) и студентите точно знаеле на што треба да се фокусираат за изготвување на конкретна тема (M=4,33). По студиски програми, студентите од студиските програми по Историја и Социологија проценуваат дека недостига поврзаноста на презентираните содржини со содржините од другите предмети од студиската програма (M=2,91; M=2,3), додека на Студиската програма по психологија студентите потенцираат дека не се доволно ориентирани за дополнителни извори кои би им служеле за проширување на информациите (M=2,97). Студентите од Студиската програма: Историја потенцираат дека наставнците ги поврзуваат предаваните теми со претходните теми од истиот предмет (M=3,53), (Таб. 16).

Табела 16. Просек на индикатори за одржување на предавањата

| | **Насочување кон основните точки на темата** | **Поврзување со претходните теми** | **Илустрација преку примери на содржината** | **Поврзаност за употреба на знаењата во пракса** | **Мотивирање за активно учество на предавањата** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Просек (N)** | **Просек (N)** | **Просек (N)** | **Просек (N)** | **Просек (N)** |
| **Историја** | 4,19(230) | 3,57 (230) | 4,19 (230) | 3,60 (230) | 3,81 (230) |
| **Социологија** | 3,95(87) | 3,53 (87) | 3,92 (87) | 3,55 (87) | 4,16 (87) |
| **Психологија** | 3,93 (63) | 3,83 (63) | 3,81 (63) | 3,29 (63) | 3,70 (63) |

***Менаџирањето на часот*** е вреднуван преку седум тврдења. Можните одговори се движеле од воопшто не се согласувам (1) до потполно се согласувам (5). Студентите на ниво на Факултетот давале позитивни оценки во однос на прашањата, издвојувајќи дека „немало галама во текот на предавањето“ (M=1,30), „биле концентрирани на предавањето“ (M=4,11). Во однос на менаџирањето на часот, појавата „наставникот активно е насочен према студентите“ (M=3,90) е појава за која постои поголем простор за корекција.



Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

***Невербалната интеракција*** на наставниците е вреднувана преку десет тврдења. Исто така, можните одговори се движеле од воопшто не се согласувам (1) до потполно се согласувам (5). Во целина, студентите позитивно ја вреднуваат интеракцијата на наставниците со студентите во текот на наставниот час. Невербалниот контакт со сите студенти како балансирано наблудување се оценува како посебна позитивна карактеристика (М=4,36). Во целина, студентите на Филозофскиот факултет се задоволни со целокупниот начин на организирање на наставата (М=4,21). Оценувањето по студиски програми за дел од индикаторите за менаџирање на часот и невербалната интеракција се претставени во Табелата бр. 17.

Табела 17. Просек на индикатори на содржината на менаџирањето на часот од наставникот

| | **Активно слушање на комента-рите на студентите** | **Стимулирање за активно учество на предавањата** | **Непристрасен при дискусија со студентите** | **Одржување концентрација на студентите** | **Балансирано наблудување кон сите студенти** | **Задоволни од реализирање на часот** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Просек (N)** | **Просек (N)** | **Просек (N)** | **Просек (N)** | **Просек (N)** | **Просек (N)** |
| **Психологија** | 3,90 (230) | 3,29 (230) | 3,74 (230) | 4,10 (230) | 4,39 (230) | 4,18 (230) |
| **Историја** | 4,24 (87) | 3,80 (87) | 4,21 (87) | 4,14 (87) | 4,33 (87) | 4,29 (87) |
| **Социологија** | 3,45 (63) | 3,34 (63) | 3,94 (63) | 4,10 (63) | 4,29 (63) | 4,22 (63) |

# 8. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Академскиот кадар на Филозофскиот факултет учествува на конференции, симпозиуми, проекти, публикации, монографии и написи во дневни и онлајн-весници, во и надвор од земјата.

Во текот на академските 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 година, врз основа на податоците објавени на веб-страницата на Универзитетот во Тетово, наставниците и соработниците во редовен работен однос на Филозофскиот факултет објавиле 30 книги, 80 научни трудови и присуствувале на 100 научни конференции, симпозиуми и собири.

Споредувајќи ги овие податоци со биографиите и библиографиите на наставниците на Филозофскиот факултет, можеме да заклучиме дека повеќето од нив не ги ажурирале своите истражувачки активности.

Од 80 трудови објавени на веб-страницата, 23 или 28,75% од нив се објавени во странски научни списанија. Од вкупниот број објавени дела, најмногу објавиле наставниците по историја, вкупно 30 дела или 37,5%, додека во научни списанија најмногу објавиле наставниците по психологија, 15 од вкупно 23 или околу 65%.

Наставниците и соработниците во редовен работен однос на Филозофскиот факултет во текот на учебните 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 година учествувале на 100 конференции, симпозиуми и научни собири, од кои половина во странство.

Доминира учеството на конференции организирани од страна на Филозофскиот факултет (Конференциите IV, V и VI) и конференциите организирани од страна на Универзитетот во Тетово (Меѓународниот семинар за албанологија, годишни конференции на Факултетите, итн.). Најголемиот број од конференции во странство се научни организации во Приштина и Тирана. Најголемиот број од учесниците се наставници по историја, придружени од наставници по психологија.

Од објавените 30 книги, 19 се на албански, 7 на македонски и 4 на арапски јазик. Наставниците по историја и психологија имаат објавено најголем број трудови. Само 4 од овие книги се изданија на Универзитетот во Тетово и истите служат како универзитетски текстови.

На крајот, пак, ќе напоменеме дека повеќето наставници и соработници не ги ажурирале податоците и следствено, немаме точна претстава за нивната истражувачка активност во текот на овие три академски години.


Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

Од академската 2013/2014 година, Филозофскиот факултет организира Меѓународна конференција со една основна тема и поттеми од сите студиски програми.

Во учебната 2016/2017 година, на 27-28 октомври, се оддржа 4-тата Меѓународна конференција на Филозофскиот факултет во соработка со Факултетот за образование на Универзитетот „Кадри Зека" - Гњилане. Главната тема на Конференцијата беше „*Education in societies with cultural diversity"* / „Образованието и едукацијата во општества со културна разновидност".

Во учебната 2017/2018 година, на 27-28 октомври, се оддржа 5-тата Меѓународна конференција на Филозофскиот факултет во соработка со Форумит ЗФД-Скопје. Главната тема на Конференцијата беше „*Meeting point and cultural divergences in the Balkans"*/„ Заеднички точки и културните дивергенции на Балканот".

Во учебната 2017/2018 година, на 22 декември, Филозофскиот факултет го организираше Научниот симпозиум, на тема: „1968 година, предизвик за националниот идентитет на Албанците во Македонија".

Од 2014 година, во рамките на Филозофскиот факултет се објавува Меѓународното научно списание „Philosophica". Во текот на академските 2016/17, 2017/18 и 2018/19 година, се објавени три тома и шест броја, последните два броја (броевите 9 и 10) се на англиски јазик, а читателите имаат пристап и онлајн. Меѓународното научно списание „Philosophica" е индексирано во Google Scholar, Index Copernicus International и CEEOL и EBSCO.

# 9. ПРОСТОРИИ И МАТЕРИЈАЛНИ РЕСУРСИ

Филозофскиот факултет на негово располагање има неколку предавални, амфитеатри, кабинети, читални и една библиотека. Вкупниот број на училници е 8, 2 амфитеатри, 1 библиотека, 1 читална, додека кабинети се вкупно 18 на број. Филозофскиот факултет преку својата библиотека, која ја дели со Педагошкиот и со Филолошкиот факултет, на студентите и на академскиот кадар им нуди над 2000 наслови на книги, а и постојано се збогатува со нови наслови на книги.


Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

Табела 18. Простории во рамки на Филозофскиот факултет

| | **Простории на Филозофскиот факултет** | **Број** | **$m^2$** |
|---|---|---|---|
| **1** | Предавални | 8 | 478,01 $m^2$ |
| **2** | Амфитеатар | 2 | 346,84 $m^2$ |
| **3** | Кабинети | 18 | 342,87 $m^2$ |
| **4** | Административна канцеларија во Деканотот | 4 | 60,29 $m^2$ |
| **5** | Канцеларии на административна служба | 3 | 152,87 $m^2$ |
| **6** | Библиотека | 1 | 41,79 $m^2$ |
| **7** | Читална | 1 | 41,15 $m^2$ |
| **8** | Ходници | 2 | 465,50 $m^2$ |
| | **Вкупно** | 27 | **1929,32 $m^2$** |
| | **Опрема на наставниот кадар на Филозофскиот факултет** | **Број** | |
| **1** | Компјутери за наставниот кадар | 45 | |
| **2** | Принтери | 22 | |
| **3** | Видеопректори | 10 | |
| **Вкупно** | | **77** | |
| | **Опрема на администрацијата** | | |
| **1** | Компјутери | 11 | |
| **2** | Принтери | 7 | |
| **Вкупно** | | **18** | |

# 10. SWOT-АНАЛИЗА

SWOT-анализата како основен модел на стратешко планирање претставува рамка за идентификување и анализирање на внатрешни фактори (јаките и слабите страни) и надворешните фактори (можностите и заканите), кои влијаат на успешното функционирање на една институција. Идентификувањето на надворешните и на внатрешните компоненти на SWOT-анализата е од особено значење за целокупниот напредок на наставно-научниот процес и на успесите што се планираат да се постигнат во иднина.



Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

Во продолжение, во рамките на SWOT-анализата на Филозофскиот факултет, се претставени надворешните и внатрешните фактори кои влијаат на напредокот на наставно-научниот процес, односно преку табеларен приказ се претставени „предностите“ и „слабостите“ на внатрешната средина на Филозофскиот факултет, на кои може да влијае и дејствува самата институција, како и потенцијалните надворешни фактори кои може да влијаат врз неговата работата и дејност.

Табела 19. Swot-анализа во рамките на Филозофскиот факултет

| **Strengths: Предности** | **Opportunities: Можности** |
|---|---|
| • Понуда на квалитетни програми за високо образование и наука;<br>• Научни истражување со цел подигање на нивото на квалитет на научно-образовниот процес;<br>• Подобрување на наставата преку користење на нови методологии;<br>• Креирање на отворена средина каде се овозможува критично и креативно размислување;<br>• Компатибилност на студиските програми со програмите на други универзитети со светско реноме;<br>• Понуда на нови студиски програми во согласност со барањата на пазарот на трудот;<br>• Соодветна инфраструктура и позитивна и кооперативна клима;<br>• Квалитетни академски програми и квалитетни студентски услуги;<br>• Постојано унапредување на академскиот кадар;<br>• Ефективно комуницирање во релација наставник-студент;<br>• Транспарентност и објективност при контрола на знаењето;<br>• Учествување на студентите и наставниците во програмите *Erasmus* и *Mevlana.*<br>• Ефикасност на менаџментот на Филозофскиот факултет и на студентската служба; | • Зголемување на научно-истражувачките публикации на академскиот кадар во конкурентни списанија прифатени на меѓународно ниво;<br>• Зголемување на националната и меѓународната соработка со бизнис-секторот и други интересни групи;<br>• Отворање на нови студиски програми, вклучувајќи ги магистерските и докторските студии;<br>• Креирање на фонд за стипендии за краткорочни научни истражувања во странство;<br>• Реализирање на нови методи на учење (далечинско учење).<br>• Висок интерес на странските студенти за магистерски и докторски студии;<br>• Понуда на нови студиски програми во соглсаснот со барањата на пазарот на трудот;<br>• Публикување на научни списанија;<br>• Зголемување на технолошката опрема ( компјутери, принтери и проектори); |


Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

| | |
|---|---|
| **Weaknesses: Слабости** | **Threats: Закани** |
| • Недостаток на континуирана обука и квалификувања на академскиот кадар;<br>• Недостаток на мрежата Алумни за проследување на професиоалниот развој на дипломираните студенти;<br>• Користење на законските и институционалите одредби за проширување на соработката со приватниот сектор и државните институции;<br>• Недостиг на финансиски средства за унапредување на наставно-научните проекти;<br>• Недоволен интерес од страна на приватниот сектор и државните институции за користење на интелектуалниот потенцијал од нашиот факултет; | • Чести промени во законите и стратегиите за вработување на студентите од надворешни фактори;<br>• Високата стапка на миграција и тешката економска состојба во општеството предизвикале намалување на бројот на студенти;<br>• Голема диспропорција на бројот на студенти на додипломски студии на некои студиски програми;<br>• Недоволен број простории каде што се одвива наставниот процес;<br>• Недостаток на наставници и соработници во редовен работен однос на Студиската програма: Ориентална филологија;<br>• Недостаток на активности и практична работа надвор од Универзитетот;<br>• Голема диспропорција помеѓу соработниците во редовен работен однос и тие со договори за вработување;<br>• Недостиг на ажурирањето на научната активност од страна на персоналот на веб-страницата на Универзитетот. |

# 11. ЗАКЛУЧОК

Образовниот кадар на Филозофскиот факултет преку силната соработка на неговите три столба (професори, администрација и студенти) е целосно посветен на успешната реализација на целите на оваа високообразовна институција, односно стремежот е кон континуираното зголемување на квалитетот на професионалните услуги што се нудат во неговите рамки. Извештајот за евалуација преку презентираните анализи и факти ја отсликува реалната состојба на Факултетот и на студиските програми, вклучувајќи ги сите аспекти на нивното функционирање,


Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

напредување и достигнувања, како и силните и слабите страни за кои би се презеле мерки за надминување. На овој начин би се придонело за целосна и квалитетна реализација на наставно-научниот процес. Студиските програми во рамките на овој факултет континуирано се развиваат и се унапредуваат за да бидат во чекор со новите барања на пазарот на трудот. Наставниот кадар ги исполнува сите предуслови во однос на нивната професионалност во реализацијата на наставно-научниот процес. Раководството на Факултетот трајно ги следи сите случувања и иновации во високото образование и е посветено на воспоставување високи стандарди за создавање модел за одржлив развој што ќе овозможи квалитетно образование за своите студенти, како и создавање на продуктивна средина и мотивирање за неговите вработени. Неговата главна тенденција во иднина е да им обезбеди на студентите солидна основа на знаење, вештини и работни навики, преку кои освен во професионалниот развој и напредок, би влијаеле и врз напредокот на општеството во целина.


Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk

***Комисијата за евалуација во состав на:***

1. Доц.др. Зејни Мазлами - претседател;
2. Проф. Др. Хана Салиу - член;
3. Проф. Др. Исак Шерифи - член
4. Проф.др. Хириет Зибери - член,
5. Доц. Др. Дрита Мемети - член
6. Арниса Шефити - член од редовите на студенти
7. Џениса Хабиби - член од редовите на студенти

Тетово, 31.3.2021 г.



Fakulteti Filozofik-Филозофски факултет-Faculty of Philosophy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: philosophy@unite.edu.mk